**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-1929/39
Датум:21.10.2015 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/2008, бр. 26/2009, бр. 83/2009, бр. 99/2009, бр.115/2010, 17/2011, 51/2011, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 155/2015), членот 223 од Статутот на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* и член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, единица во состав на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј*, наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 21.10.2015 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за рокот на студирање на старите студиски програми по ЕКТС

1. Студентите запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2011/2012 година, кои не се префрлиле на новите, соодветни, студиски програми според ЕКТС имаат право да ги завршат започнатите студии заклучно со учебната 2018/2019 година.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука можат:

2.1. да посетуваат настава по запишан соодветен предмет (не положен предмет) доколку има таков предмет, или е еквивалентен со предмет од новите студиски програми,

2.2. да следат настава, менторски, кај наставникот од кој последен пат имаат добиено потпис за предмет што не е еквивалентиран со предмет од новите студиски програми,

2.3. да следат настава, менторски, за еквивалентиран предмет од новите студиски програми, што по новите студиски програми преминал во друг семестар (од зимски во летен или обратно).

3. Наставникот има обврска да организира колоквиуми/испити по предметите што се држат менторски.

4. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски